**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-94/5**
**Скопје, 26.03.2007 година**

**До**
**Основен суд Скопје 1 - Скопје**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Скопје 1 - Скопје - сметка за редовно работење (во понатамошниот текст Основен суд) за 2005 година кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Јованка Никодиновска – Заменик Претседател на Основен суд Скопје 1 до 14.02.2005 година и
   - Добрила Кацарска - Претседател на Основен суд Скопје 1 од 15.02.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 29.01.2007 година до 06.02.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Основниот суд нема обезбедено имотни/поседовни листи за правата на недвижностите со кои располага и управува, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, согласно кој ...„запишувањето на правата на недвижностите во катастарот на недвижности е задолжително....„. Поради нерегулирани имотно-правни односи, Основниот суд за евидентираните недвижности не располага со документација за доказ на сопственоста.

Од страна на Основниот суд превземени се мерки за утврдување на сопственоста и поднесено е Барање за запишување во катастар 03 Су.бр.87/07 од 26.01.2007 година до Републички геодетски завод Скопје, Сектор за премер и пресметка. Запишувањето на недвижностите да се изврши по службена дожност, согласно член 10 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, со што запишувањето ќе биде ослободено од надоместок.

10.1.2. Основниот суд нема служби за информатика, како посебни организациони единици, спротивно на член 91 од Законот за судовите. Необезбедените средства за поставување и одржување на единствената методолошка и технолошка основа на информациониот систем од страна на Министерството за правда придонесува Основниот суд да не располага со база на податоци за правосудниот и информациониот систем

**Препорака:**

Во соработка со Министерство за правда да се превземе иницијатива за воспоставување на информационен систем, со што би се формирала база на податоци за правосудниот и информациониот систем на ниво на Републиката.

10.1.3 Врз основа на Заклучок на Влада на Република Македонија од седницата одржана на ден 31.03.2003 година, вршена е исплата на надоместокот за правосуден персонален паушал инкорпориран во основни плати – функционери за првите пет месеци од тековната година спротивно на одредбите на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за исплата на плати во Република Македонија. Поради воспоставениот начин на пресметка на платите согласно Заклучокот на Влада на Република Македонија, исплатени се средства во износ од 6.707 илјади денари без законски основ.

Со донесување на Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и

другите избрани и именувани лица во Републиката и Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија законски е регулирана исплатата на надоместокот за правосуден персонален паушал.

10.1.4. Основниот суд во текот на 2005 година има склучено од 28 до 35 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работни задачи. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 1.574 илјади денари, како и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

**Препорака:**
Основниот суд потребата од нови вработувања да ја врши во соработка со Министерството за финансии и Судски буџетски совет согласно позитивната законска регулатива, а ангажирањето на лица по договор за дело да се врши согласно одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања.

10.1.5. Надоместокот на награда за давање наод и мислење на вешти лица вработени во државен органот се исплаќа директно на тековна сметка на вештото лице. Кога вештачењето е доверено на државен орган, согласно член 256 од Закон за кривичната постапка ....“ако за определен вид вештачење постои стручна установа, или вештачењето може да се изврши во рамките на државен орган, таквите вештачења, а особено посложените, ќе се доверуваат по правило на таква установа односно орган. Установата, органот определува еден или повеќе стручњаци кои ќе го извршат вештачењето”......, трошоците и наградата за вештачењето треба да се исплаќаат на стручната установа на база доставени фактури. Воспоставената пракса на исплата на награди за вештите лица, придонесува исплатата на средствата да се врши без законски основ.
Основниот суд во текот на 2006 година исплата на средствата за награда за давање наод и мислење на вешти лица ја врши единствено на сметката на државниот орган.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Скопје 1 - Скопје – сметка за редовно работење под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1. кај Основен суд Скопје 1 - Скопје - сметка за редовно работење остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. Ревизијата има за обврска да обелодени дека:
▪ средствата за надомест за трошоците за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи и стручни лица, како и трошоци на увидот во кривична и прекршочна постапка во Основните судови во Република Македонија, се исплаќаат според Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи (Службен весник на СРМ 11/1988 година), донесен врз основа на Закон за редовните судови, кој закон престанува да важи со донесувањето на Законот за судови во 1995 година.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

Исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи се врши врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила, поради тоа што министерот за правда нема донесено поблиски прописи за надомест на трошоците на кривична постапка, (кои важат и за прекршочна постапка), ниту акт за критериуми за видот, висината и надоместокот за вештачењето, согласно член 96 од Законот за кривична постапка (Службен весник на РМ 15/2005 година, пречистен текст);

- Судскиот деловник со кој се уредува внатрешната организација на судовите и начин на работење на судовите не е усогласен со позитивната законска регулатива. Поради ова Основните судови наидуваат на практични проблеми во своето работење, посебно во делот на евидентирање на изречените и наплатените парични казни:

- Основните судови согласно член 328 од Судскиот Деловник имаат обврска да водат евиденција на наплатените парични казни;
- согласно правосилните пресуди за изречените парични казни судот доставува покана на осуденото лице во рок определен со одлуката да ја плати паричната казна, а за тоа да го извести судот;
- уплатата на паричните казни (кои како јавни приходи се приход на Буџетот на Република Македонија) се врши на уплатна сметка во рамките на трезорската сметка односно директно на Буџет на Република Македонија (согласно Упатството за начинот на евидентирање, располагање и поврат на јавните приходи).

Доколку лицето ја изврши уплатата, а за тоа не го извести Основниот суд, судот нема информација/евиденција дека истата е наплатена, поради што судот доставува до осуденото лице Опомена за плаќање на парична казна, а потоа пристапува кон присилна наплата согласно член 2 став 4 од Законот за извршување, односно доставува Барање до Јавното Правобранителство на Република Македонија за превземање мерки за извршување.
Доколку лицето достави доказ до Извршителот дека долгот е платен пред поднесувањето на Барањето за извршување, судот е во обврска да ги надомести трошоците на извршителот за цена на администрирање на предметот.
Поради горенаведената некоординираност помеѓу Министерство за финансии и судовите за наплатените јавни приходи, има за последица:

а) немање целосна евиденција за наплатени парични казни во Основните судови,
б) поведување на постапки за присилна наплата во определен број случаи (за веќе наплатените казни) кои за краен ефект имаат зголемени трошоци на судовите кои не се предвидени во нивните буџети,
в) дополнителните работи го одлагаат навременото постапување по други предмети.
Од страна на Основиот суд Скопје 1 превземени се мерки и доставено е писмо до Министерство за финансии, во кое е укажано на горе наведените проблемите и побарано е превземање на мерки за разрешување на истите.

Ревизијата смета дека Основните судовите во соработка со Министерство за правда и Министерство за финансии треба да превземат иницијатива за воспоставување на процедури за поврат на информации до судовите за наплатените парични казни, а налогот за уплата на јавни приходи (Образец ПП 50) да содржи елементи во кои видно ќе стои бројот на предметот и Основниот суд по кој е извршена наплатата.

**Скопје, 25.03.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Основен суд Скопје 1 - Скопје**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 135,310 | 128,106 |
| **Вкупно приходи** | **135,310** | **128,106** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 112,746 | 107,446 |
| Резерви и недефинирани расходи | 203 | 131 |
| Стоки и услуги | 22,084 | 20,335 |
| Субвенции и трансфери | 277 | 194 |
| **Вкупно тековни расходи** | **135,310** | **128,106** |
| **Вкупно расходи** | **135,310** | **128,106** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

**Основен суд Скопје 1 - Скопје**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 17,913 | 15,888 |
| Залихи | 1,752 | 1,761 |
| **Вкупно тековни средства** | **19,665** | **17,649** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 20,881 | 23,597 |
| **Вкупно постојани средства** | **20,881** | **23,597** |
| **Други средства** | 2 | 2 |
| **Вкупна актива** | **40,548** | **41,248** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 8,632 | 8,088 |
| Краткорочни финансиски обврски | 5 | 303 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 9,276 | 7,497 |
| **Вкупно тековни обврски** | **17,913** | **15,888** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 22,633 | 25,358 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **22,633** | **25,358** |
| **Извори на други средства** | **2** | **2** |
| **Вкупна пасива** | **40,548** | **41,248** |

**Основен суд Скопје 1 - Скопје**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **23,597** | **1,761** | **25,358** |
| **Зголемување по основ на:** | **4,285** | **2,011** | **6,296** |
| Набавки | 4,271 | 2,011 | **6,282** |
| Донација | | | **-** |
| Амортизација од минати години | | | **-** |
| Корекции од мината година | | | **-** |
| Отстапено на користење | | | **-** |
| Вишок по попис | 14 | - | **14** |
| Отпис на обврски кон добувавучи по попис | | | **-** |
| Корекции по ревизија | | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **7,001** | **2,020** | **9,021** |
| Отпис на капитални средства | - | | **-** |
| Продажба | 900 | | |
| Амортизација | 6,101 | | **6,101** |
| Потрошок | - | 1,954 | **1,954** |
| Расход по попис | | 66 | **66** |
| Отпис на обврски кон добувавучи по попис | | - | **-** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **20,881** | **1,752** | **22,633** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------